**20241582725**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 јули 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2024 ГОДИНА НА АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ–ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА СКОПЈЕ

1. На АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје се одобрува регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2024 година, во износ од 163.327.839 денари за испорачани 38.058.814 kWh топлинска енергија, што ја испорачува на потрошувачите приклучени на дистрибутивната мрежа.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија ("Службен весник на Република Македонија" бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.19/22, 197/22 и 226/23):

| Реден број | Група на Корисник | Единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| **I.** | **СТАНБЕН ПРОСТОР** | | |
| а) | **Паушална наплата** | | |
| а/1 | На 12 месечни рати | ден/m² | 38,49 |
| а/2 | На 6 месечни рати | ден/m² | 76,99 |
| б) | **Наплата со мерач** | | |
| б/1 | Топлинска моќност | ден/kW | 1.143,4278 |
| б/2 | Испорачана енергија | ден/kWh | 2,0206 |
| **в)** | **Наплата со мерач** | | |
| | Испорачана енергија за индивидуални објекти | ден/kWh | 2,9510 |
| **II.** | **ОСТАНАТИ** | | |
| а) | **Наплата со мерач** | | |
| а/1 | Топлинска моќност | ден/kW | 2.629,8838 |
| а/2 | Испорачана енергија | ден/kWh | 4,6475 |

3. Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи „домаќинства : останати" е утврден да изнесува 1 : 2,3.

4. Тарифните ставови од точка 2 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2024/2025 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

УП1 бр. 08-338/24
30 јули 2024 година
Скопје